26 јуни, 2013



плоштад (пред книжара Култура) 19:00-19:30 **Кристина Божурска**

плоштад (помеѓу ЕВН и Дестан) 19:30-20:00 **Ангел Миов**

плато пред Дом на Армијата 20:00-20:30 **Ален Реџепагиќ**

плато пред Дом на Армијата 20:30-21:00 **Мирослав Стојановиќ**

улица Македонија (кај скулптурата „Бикот“) 21:00-21:30 **Маја Кировска**

# СКОПСКИ УРБАНИ ПРИКАЗНИ

## WAKE UP SOLIDARITY
## (БУДЕЊЕ НА СОЛИДАРНОСТА)

## Кристина Божурска

**„2013/14“**
подна инсталација од камени коцки и фотографии, 300x180cm, 2013



По катастрофалниот земјотрес што му се случува на Скопје, многу уметници од целиот свет како знак на солидарност донираат свои дела на разрушениот град. Одтогаш па се до денес, овие значајни дела се дел од колекцијата на Музејот на современа уметност од Скопје и се наоѓаат во депото, далеку од очите на јавноста. Поради несоодветни услови на Музејот, овие дела не се во состојба да бидат изложени, и веќе 40 години се заборавени, речиси избришани од нашата меморија. И додека овие дела од светски познати и афирмирани уметници се маргинализирани, се издигнуваат нови дела кои промовираат некои други вредности. Она што оваа инсталација сака да го забележи е како и зошто вистинската уметност се заобиколува, а се афирмира и креира нова, квази уметност? Во оваа инсталација искористив фотографии од делата во депото на МСУ кои ги направив со цел да се покаже моменталната сосотојба на колекцијата на МСУ, и камени коцки кои се отфрлени од плоштадот на Скопје во корист на неговиот нов изглед. Денеска, живеејќи во време на возвишување на кич и турбо-фолк вредности, на лажен златен сјај и мегаломанија,дали сме доволно свесни да ги препознаеме вистинските вредности? Со ерозија на културните вредности,се јавува ли и ерозија на човечките? Знаеме ли на туѓата солидарнот да возвратиме со своја?



## Ангел Миов

**„Будење на солидарноста“ 2013**
комбинирана техника
(платно, фотографија, објекти) 8x8m

Делото претставува инсталација во простор, поставена на под, поточно е составено од испишан крст во црвена боја со истегнати букви со кои пишува Македонија во хоризонтала и вертикала, повеќе фотографии кои потсеќаат на старо Скопје, разни предмети, цигли, куфер, палета, рамки итн. На прв поглед не е јасно читлив текстот, но со менување на аголот на гледање може да се прочита. Делото е составено од повеќезначни симболи, кои нудат можност за различно читање и толкување, но и со конкретни асоциации за мигот кога се станува релативно и кршливо, мигот кога Скопје го доживеа катастрофалниот земјотрес. Покрај ликовната експресија, носталгијата и доживувањето делот се стреми да пробуди солидарност, чувсто за заеднички простор и амбиент во ќе доминира естетиката...

## Ален Реџепагиќ

**„Силуети“ 2013**
инсталацијата содржи неколку (десетина-петнаесет) вертикали од прозирен плексиглас во различна димензија обесени на хоризонтална пречка, 300x180cm

Приказ на живиот свет и средината во која тој опстојува, меѓусебната зависност субјект-субјект, субјект-објект и невидливите нишки на нивната поврзаност.... Кревкоста, ранливоста, минливоста на истите треба да ни послужат како своевиден потсетник за потребата од нивното постојано регенерирање.







## Мирослав Стојановиќ Шуки

**„I fill blue for you“ 2013**
Делото се состои од плоча плексиглас прикачен во просторот, позади кој се наоѓа рефлектор кој ја пренесува плавата боја на плексигласот боејќи ги лицата на посетителите. На плексигласот е испишан зборот EMPATY. Пред плексигласот стои висок кој го симболизира земјотресот и уништувањето, како и новиот почеток и раѓањето, 50x300cm

Делото со наслов “I fill blue for you” ја отсликува највозвишената од сите емоции „емпатијата“, која според мене е најретка и најтешка од сите емоции. Таа повлекува реперкусии, односно го носи човекот во доменот на божественото, што со себе повлекува оштетување на емотивното битие. Емпатија се јавува најчесто во најдраматничните моменти при катастрофи и тргедии, а скоро да и не постои во нормалните времиња, не трае долго и брзо ја снемува.



## Маја Кировска

**„Оптимист" 2013**
Делото е составено од 7 објекти (стилизирани птици), поврзани за друг објект од впоивлив материјал со помош на конец префрлен преку шипка или оптегната сајла. Со систем капка по капка впивливиот материјал ја менува тежината и ги крева во висечка позиција прикажаните објекти.



Оптимист е дело создадено како одговор на темата по повод 50 години од скопскиот земјотрес. Оваа тема ја разгледувам од аспект на потомок на оние кои имале среќа да останат живи во оваа огромна трагедија. Делото е прослава на животот и негова цел е да не потсети да бидеме благодарни за секој нов ден што животот ни го носи.

## WAKE UP SOLIDARITY (БУДЕЊЕ НА СОЛИДАРНОСТА)

*...„Скопје, тоа е концентрат на човековата борба со природата, но и резултат што вдахнува за нова борба, а не за прифаќање порази"... Жан Пол Сартр, 1963*

Пред 50 години градот Феникс безмилосно го зафати катастрофален земјотрес, срамнувајќи го до темел... но Скопје пркосно се издигна од пепелта, докажувајќи ја својата бесмртност. Градот е одново реизграден благодарение на помошта, градењето, донациите... се со цел повторно издигање и обнова на разрушеното Скопје!
Во својата долга историја, градот повеќе пати пропаѓал и одново се раѓал. Затоа солидарноста ја земаме за еден од главните фактори кои имале повеќезначајна улога во животниот век на овој град. Тој непоколебливо опстојувал и опстојува пркосејќи му на времето, благодарение на укажаната помош од многубројните нации од светот, кои биле солидарни и ги ублажиле раните на повеќе пати настраданиот град. Поради тоа Скопје го носи и епитетот „град на солидарноста".
Под мотото „Придонеси, подари, солидаризирај се" во денешен ден, соединувајќи ја уметничката моќ и творејќи, ќе му подариме на нашиот град неминливи креативни решенија! Ако пред 50 години се организирале хуманитарни акции за спасување на Скопје, уметниците сега се здружуваат да облагородат една идеја, изнудувајќи од себеси прогрес и иноватимост. Претставувајќи го низ призма хаосот од катастрофалниот земјотрес, авторите на нашиот град ќе му подарат една имагинарна визија и дел од себеси.

Организатор: Друштво на ликовни уметници на Македонија
За издавачот: Тања Балаќ
Координатор: Христина Зафировска

ГРАД СКОПЈЕ
СКОПСКО ЛЕТО 2013
СКОПЈЕ 26-7-1963 СЕ СЕЌАВА
ДЛУМ Друштво на ликовни уметници на Македонија